Јавно претпријатие за вршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 02-95/1
02.02 2024 год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 33 од Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, в.д. Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.753/2023 за вработување на 1 (еден) административен јавен службеник во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип

### Член 1

1. По Јавниот оглас број 753/2023 за вработување на 1 (еден) административен јавен службеник од Група I, подгрупа II во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип на работно место КДР 0102В02052 Виш соработник за финансии, Одделение за финансиски работи, Сектор за финансиско работење, се врши следниов избор:

- За работното место **Виш соработник за финансии со шифра КДР 0102В02052,** се избира кандидатот:
  - **Љубица Тодосова со идентификациски код D833D91**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе биде објавена на интернет страницата и огласната табла на Агенција за администрација.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение односно ќе се склучи договор за вработување.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

На 29.12.2023 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Лајм беше објавен јавен оглас бр.753/2023 за вработување на 1 јавен службеник од Група I, подгрупа II во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип на работно место КДР 0102В02052 Виш соработник за финансии, Одделение за финансиски работи, Сектор за финансиско работење.

Со решението бр.10-2383/492/1 од 16.01.2023 година и бр.10-492/4 од 31.01.2024 година, донесено од Агенција за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која ја спроведе постапката.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.753/2023, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, спроведе административна селекција на 17.01.2024 година и состави записник бр.10-492/2 од 17.01.2024 година, спроведе испит за административен службеник на 31.01.2024 година и состави записник бр.10-492/3 од 31.01.2024 година и на ден 01.02.2024 година спроведе постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место и состави записник бр.10-492/5 од 01.02.2024 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување по јавен оглас бр.753/2023 со арх.бр.04-60/7 од 01.02.2024 година, заради донесување на одлука за избор.

Врз основа на Конечна ранг листа и Предлогот за вработување на кандидат, в.д. Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

Пробиштип,
02.02.2024

ЈП ХС Злетовица
в.д. Директор
Љупчо Благоевски